0

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Приватна непрофитна високообразовна установа Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Скопје**

# ПРАВИЛНИК

**за условите, критериумите, постапката и правилата за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години на БАС**

**Скопје, јуни 2021**

Врз основа член  141 од Законот за високото образование на РМ (Службен весник бр. 82/2018), член 60 став 1 алинеја 16 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години на БАС (дел. бр. 0205-147/4 од 17.06.2021 година), Органот на основачи на БАС на ден 21.06.2021 година го донесе следниов

**Правилник**
**за условите, критериумите, постапката и правилата за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години на БАС**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, постапката и правилата за стручно и професионално усовршување и стручно образование пократко од три години на БАС.

**Член 2**

(1) БАС може да организира различни програми на стручно и професионално усовршување имајќи го предвид концептот за доживотно учење:

1) програми за стручно и професионално усовршување;
2) програми за стручно образование пократко од три години;

(2) Покрај програмите од став (2) на овој член, БАС може да организира и различни облици на неформално учење, како курсеви, летни и зимски школи, работилници, консалтинг услуги и слично.

**Член 3**

(1) Програмите од член 2 на овој Правилник ги донесува Наставничкиот совет на БАС.

## 2. ПРОГРАМИ ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА БАС

**Член 4**

(1)  Програмите за стручно и професионално усовршување ги донесува Наставничкиот совет на БАС.

(2) Програма за стручно и професионално усовршување може да предложи наставник на БАС, а истата да ја прифати и донесе Наставничкиот совет на БАС.

**Член 5**

(1) БАС во рамките на програмите за стручно и професионално усовршување, може да ги организира и следниве активности:

1) Организира континуирана обука за вработени во микро, мали, средни и големи организации;
2) Организира научни и стручни собири од областа како организатор и соорганизатор со други високообразовни установи и/или организации од земјата и од странство;
3) Организира пошироки форми на јавна стручна дебата за актуелни прашања од областа на бизнис и менаџментот;
4) Организира развојно-истражувачка дејност во областа на бизнисот и неговото окружување (конкурентност, човечки ресурси, интелектуален капитал и сл.)
5) И други активности кои ги предвидува Наставничкиот совет на БАС.

(2) БАС може да организира и различни облици на неформално учење, како обуки, курсеви за изучување на македонски јазик и други странски јазици, курсеви за професионални компетенции, летни и зимски школи, работилници, консалтинг услуги и сл. По завршувањето на соодветниот облик на неформално учење се стекнува потврда, односно сертификат кој го издава БАС.

**Член 6**

(1) За да може да се реализираат програмите за стручно и професионално усовршување, имајќи го предвид концептот за доживотно учење, потребно е да се обезбедат просторни, кадровски и други услови потребни за нивна реализација.

(2) Програмите за стручно и професионално усовршување може да се организираат континуирано (за подолг временски период) или по потреба.

(3) Право на посета на програмите за стручно и професионално усовршување имаат лица кои имаат завршено најмалку средно образование.

(4) Пријавувањето за овие програми може да се врши самостојно (физички или правни лица), преку партнерска организација или преку јавен повик.

(5) Учесниците на програмите за стручно и професионално усовршување на БАС имаат обврска да платат надоместок за посетување тие програми. Висината на надоместокот се утврдува со соодветната програма, а истата ја утврдува Органот на основачи на БАС.

(6) Со програмата може да се предвиди и проверка на знаењата на лицата кои ги посетувале овие програми. Доколку програмата успешно се заврши, проверката се оценува описно со „успешно реализирана програма“.

(7) По завршувањето на програмите за стручно и професионално усовршување, лицето кое учествувало на програмата/програмите се стекнува со потврда, односно сертификат кој го издава БАС. Потврдата, односно сертификатот, ги потпишува Директорот на БАС. Изгледот и содржината на сертификатот е утврдена со Правилникот за содржината и формата на дипломата, додатокот на диплома и другите јавни исправи на БАС.

# 3. СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ПОКРАТКО ОД ТРИ ГОДИНИ

**Член 7**

(1) БАС може да организира и програми за стручно образование пократко од три години за стекнување на стручни знаења и обука.

(2) Програмите од став (1) на овој член се предметните програми кои се дел од студиските програми на прв циклус на студии на БАС.

(3) Право на посета на програмите од став (1) и (2) на овој член имаат лица кои имаат завршено најмалку средно образование.

(4) Учесниците кои учествуваат во програмите од став (1), односно став (2) на овој член, немаат статус на студенти.

(5) Програмите од став (1), односно став (2), на овој член може да се изведуваат на еден од начините на студирање на БАС.

(6) Пријавувањето за овие програми може да се врши самостојно, преку партнерска организација или преку јавен повик.

(7) Програмите за стручно образование пократко од три години ги реализира наставниот кадар на БАС.

(8) За стекнатите стручни знаења и обука од ставот (1) на овој член БАС издава сертификат. Во сертификатот се забележуваат бројот на стекнатите ЕКТС кредити, оценката и соодветниот назив на предметот од предметната програма која е дел од студиска програма на БАС. Изгледот и содржината на сертификатот е утврдена со Правилникот за содржината и формата на дипломата, додатокот на диплома и другите јавни исправи на БАС.

(9) Лицето кое се стекнало со сертификат според програма која е дел од акредитирана студиска програма од прв циклус на студии на БАС, може стекнатото стручно знаење и обука, изразено во ЕКТС кредити, да му се признае како дел од студиска програма на прв циклус на студии на БАС. При запишувањето лицето поднесува Барање за трансфер на стекнатите кредити. Постапката за трансфер на кредити ја води Комисијата за трансфер на кредити според Правилникот за ЕКТС на БАС.

(10) Лицето кое се стекнало со стручно знаење и обука и има знаење стекнато од други форми на учење може да биде евалуирано од страна на БАС и врз основа на тоа лицето може да продолжи со студии според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење. Евалуација на стекнатото знаење прави посебна Комисија за евалуација на стекнатото знаење и определување на оценка на лицата кои се стекнале со стручно знаење и обука на програмите на БАС која ја формира Наставничкиот совет на БАС.

(11) Учесниците на програмите за стручно образование пократко од три години плаќаат надоместок за посетување на тие програмите. Висината на надоместокот ја определува Органот на основачи.

## 4. АДМИНИСТРАТИВНА ПОДДРШКА

**Член 8**

(1) Административната поддршка за професионалното усовршување и студирањето пократко од три години е распределена помеѓу носителот на програмата (предметен наставник/предметни наставници), деловниот секретар, референтите за студентски прашања и ИТ администратотрот на БАС.

**Член 9**

(2) За координирање на програмите за стручно и професионално усовршување, како и за програмите за стручно образование пократко од три години, Директорот на БАС може да назначи лице, вработено во БАС, како координатор на програмите.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

(1) За толкување на одредбите од овој Правилник е надлежен Органот на основачи на БАС.

**Член 11**

(2) Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

**За Органот на основачи:**

**Виш пред. м-р Горазд Смилевски**